Јавно комунално претпријатие
"ИЛИНДЕН"
Бр. 04-209/8
21. 12. 2021 год.
Населба, ИЛИНДЕН

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), В.Д.Директорот на Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден, донесе

# ОДЛУКА

**за избор на кандидат по пат на Интерен оглас број 03/2021 за пополнување на работно место со унапредување**

1. За извршител на работното место **Раководител на одделение за јавни набавки**, со шифра КДР 01 02 Б04 011, во Одделение за јавни набавки - Административна служба во ЈКП Илинден н.Илинден, се избира кандидатот **НАДИЦА ЃУРОВСКА.**

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 10.12.2021 година на веб страната на Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден http://jkpilinden.com.mk/ и веб страната на Агенцијата за администрација, објавен е Интерен оглас бр.03/2021 за пополнување на едно работно место со унапредување во ЈКП „Илинден" н.Илинден - за Раководител на одделение за јавни набавки, со шифра КДР 01 02 Б04 011, во Одделение за јавни набавки - Административна служба.

Со Решение број 04-209/5 од 20.12.2021 година формирана е Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас, која ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување. По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник од административна селекција за интерен оглас бр.04-209/6 од 21.12.2021 година и Записник од спроведување на инетервју бр.04-209/7 од 21.12.2021 година.

Врз основа на Записникот од финалната ранг листа на интервјуираните кандидати, за работното место Раководител на одделение за јавни набавки, со шифра КДР 01 02 Б04 011, во Одделение за јавни набавки - Административна служба во ЈКП Илинден н.Илинден, В.Д.Директорот на Јавното комунално претпријатие „Илинден" н.Илинден донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена по објавувањето на истата на интернет страницата на претпријатието.

Д.Н.
- Избраниот кандидат
- Одделение за управување со човечки ресурски
- Архива

ЈКП „Илинден" н.Илинден
В.Д.Директор
Борче Минановски

Јавно комунално претпријатие „ИЛИНДЕН" Населба Илинден